Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Архивски број 11- 4489/11

Дата: 30.09.2016

Арх. знак ____________
Рок на чување ____________
____________ 20 ___ год.
Потпис,

ДО : ДПТУ "БЛУ ЕНЕРЏИ" ДОО
ул. "Браќа Миладинови" бр.1
1200 Тетово

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме Решение за издавање на согласност за спроведување на проектот „Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустриски комплекс ТЕТЕКС – Тетово", во општина Тетово, за потребите на инвеститорот ДПТУ "БЛУ ЕНЕРЏИ" ДОО од Тетово.

Со почит,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Подготвил: Сашо Илиќ
Контролирал/Согласен: Александар Петковски
Одобрил: в.д.Директор на Управа за животна средина
Даниел Ефтимов

05.10.2016

Buy VueScan now! www.hamrick.com
Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-4489/4 од 20.09.2016 година
Скопје

Арх. знак ______
Рок на чување ______
___ год.
Потпис

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 36/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на проектот:„Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустриски комплекс ТЕТЕКС – Тетово", во општина Тетово, за потребите на инвеститорот ДПТУ "БЛУ ЕНЕРЏИ" ДОО од Тетово.

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: „Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустриски комплекс ТЕТЕКС – Тетово", ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување со животната средина и мониторинг на животната средина.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

*Образложение*

Инвеститорот ДГТУ "БЛУ ЕНЕРЏИ" ДОО со седиште на ул. "Браќа Миладиновци" бр.1 во Тетово, до Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 13.10.2015 година ја достави Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: „Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустриски комплекс ТЕТЕКС – Тетово", во Општина Тетово со архивски број 11-7931/1.

Студијата е изготвена од страна конзорциумот на консултантските фирми "ЕМПИРИЈА-ЕМС" и "МАНЕКО СОЛУШНС" од Скопје од ноември 2015 година, со назначени одговорни лица м-р Константин Сидеровски и м-р Марјан Михајлов – Експерти за оцена на влијанието на проектите врз животната средина.

Целта на Проектот поднесен од страна на инвеститорот е инсталирање на нов технолошки процес за преработка на искористени моторни и растителни масла преку механички и физички третман – рафинирање и добивање на основно масло и потешки дестилати како крајни производи. Предвидениот технолошки процес за преработка на искористени масла претставува затворен процес на дестилација во вакуум состојба. Искористените масла ќе бидат набавувани од лиценцирани набавувачи кои маслата ќе ги носат на локацијата на проектот, а количините на масла ќе се набавуваат со потврда и хемиска анализа дека не содржат полихлорирани бифенили (PHB). Вкупниот инсталиран капацитет на преработка на масла предвидено е да биде 18 тони на ден. Предвидената локација за инсталирање на новиот технолошки процес за перaботка на искористени масла ќе биде во опфатот на индустрискиот комплекс Тетекс во општина Тетово.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: бучавата, вибрациите, геологијата, почвите, водите, биолошката разновидност, природното наследство, отпадот, пределот и кумулативни влијанија. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во фаза на изградба и оперативната фаза на инсталацијата и непредвидени незгоди (хаварии) во Студијата за оцена на влијанието врз животната срдина, кои според наша оцена се соодветни и апликативни. Во Студијата за ОВЖС предложени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија на проектот врз животнта средина како и план за управување со животната средина и социјалните аспекти.

Согласно член 91 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 36/2016) се одржа јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: „Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустриски комплекс ТЕТЕКС – Тетово", во општина Тетово на ден 25.11.2015 година (среда) во салата на Советот на советот на општина Тетово со почеток во 12:15 часот.

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за проектот: „Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустриски комплекс ТЕТЕКС – Тетово", во општина Тетово, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) на ден 15.02.2015 година го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање. Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот„Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустриски комплекс ТЕТЕКС – Тетово", во општина Тетово ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина. Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања.

Извештајот беше објавен во два дневни весници достапни на целата територија на Република Македонија.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * СКОПЈЕ *

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изработил: Сашо Илик
Контролирал/ Согласен: Александар Петковски
Одобрил: в.д. Директор на Управа за животна средина
Даниел Ефтимов

Scanned by VueScan - get a free trial at www.hamrick.com